Во училиштето ученикот ја развива својата личност,се оспособува за работа и живот заради штои се одлучил за ова училиште.

Ученикот е индивидуал во развиток-психички и физички. Развитокот на секој ученик е посебна законитост која треба правилно да се сфати, разбере и целосно почитува. На ученикот треба да му се овозможи и во училиштето правилно да ги развива сите компоненти на неговата личност:

- интелектуална страна-да се развиваат неговите умственитеспособности за осети, перцепирање, внимание, учење, помнење, мислење и др.
- физичката и здравствената страна-правилно да расте и обликува своето тело и да го чува своето здравје од сите негативни влијанија и пороци: дрога, алкохол, цигари, опасни лекови и сл.
- морална компонента-да ја развива моралната свест,моралните чувства и моралните вредности низ наставата,учењето и другите вонnаставни активности како основни средства на моралното воспитание;
- функционална компонента- да ги развива и усовршува способностите за работа, да формира работни навики, работна дисциплина и да се оспособува за извршување на работни задачи во опШтествената средина;
- естетска компонента-низ наставата и вонnаставните активности да ја развие способноста за откривање на убавото,доживување на убавото и создавање смисла и способности за естетско творење.
- Личноста на секој ученик во нејзиниот развиток треба да се почитува без оглед на разликите во неговите способности, пол, вероисповед,националност,материјална и социјална положба и др.

Секој ученик се образува да ги почитува правилата на овој кодекс. За непочитување на овие правила на однесување одговараат прекршителите, за што можат да се превземат соодветни педагошки мерки предвидени со статутот на училиштето.

## *Личноста на ученикот*

Во воспитно-образовниот процес ученикот треба:

- ✓ Да ги познава своите права,но и обврски и да ја согледува потребата од почитување на кодексот на однесување на училиштето,кој помага во развивање на високо морална личност.
- ✓ Да учи и биде активен учесник во наставата,вонnаставните активности и низ учењето да ги развива своите способности и својата личност.
- ✓ Во учењето да биде упорен и да ги совладува тешкотиите.
- ✓ Да се грижи да се формираат правилни ставови за живот.
- ✓ своите интереси и потреби да ги усклади со потребите и интересите на другите во училиштето.
- ✓ Да ги развива своите интереси низ разни области во наставата.
- ✓ Да верува во себе и сопствените способности.
- ✓ Да ја почитува сопствената личност и личноста на другите во училиштето и надвор од него.
- ✓ Да ја говори вистината и да верува во вистината.

- Да научи да живее и работи во колектив и правилно да соработува со членовите на колективот.
- Да биде хуман и да ја разбира туѓата личност.
- Да им помага на сите оние кои се во негова близина.
- Да има културен однос кон другите:правилен начин на поздравување,
- правилно држење на телото, говорот, чисто, уредно и ненападно облекување, скромно однесување, избегнување на непристојни зборови и др.
- Да научи да ги контролира своите чувства, нагони и да владее со себе.
- Да биде доследен и да постои хармоничност меѓу мислите и зборовите и постапките.
- Да биде сигурен во себе, добро да ги познава своите можности.
- Да биде самокритичен,да ги согледува и елиминира сопствените негативни постапки и реакции.
- Критично да се однесува кон туѓите постапки.
- Промислено да ги донесува одлуките за своите реакции и постапки.
- Да има свест за последиците од своето негативно однесување.
- Да не се преценува себе си.
- Да не ги потценува другите во блиската и подалечна околина.
- Да ја согледа сопствената улога што јаима во училиштетои за која низ учењето и наставата се подготвува за поширока општествена средина.
- Да се бори на најразлични начини против: омраза, завист, љубомора, срам, насилство, лутина, страв и др.
- Да се бори против болестите на зависност:дроги,алкохол,пуШење, опасни лекови и др.како и да го чува и негува своето тело и здравје.
- Да научи да биде позитивен пример за другите во училиштето.
- Низ воспитно-образовниот процес да сфати дека љубовта е најсилното чувство на секој човек.
- Да се воодушевува на убавината, да се радува на сопствениот успех и успехот на другите, да биде горд на себе и своите успеси.
- Да биде чесен во однесувањето спрема другите.

### *Однос на ученикот кон учењето*

За ученикот учењето треба да се сфати како основна обврска од која произлегуваат повеЌе можности.

Низ процесот на учење ученикот се развива, менува и усовршува во неговата целина. Низ учењето ученикот се оспособува правилно да: осетува, осознава, мисли, разликува слично од различно, битно од небитно, формира работни навики и умеења и др.

Од односот на ученикот спрема учењето произлегуваат следниве можности:

- Трудољубиво да приоѓа кон учењето.
- Поставените цели и задачи да ги изврШува точно,прецизно, квалитетно и навреме.
- Систематски и постапно да учи.
- Да биде исполнителен во извршување на работни задачи.
- Сите тешкотии и пречки во учењето упорно и енергично да ги совладува.
- Во учењето на содржините да биде темелен,до крај и со длабочина да гиусвојува наставните содржини.
- Да биде свесно насочен и со внимание да ја следи наставата и ги извршува работните задачи.

- ✓ Самостојно да ги извршува работните задачи,а кога Ќе наиде на теШкотии да бара помош.
- ✓ Да биде педантен во одржување на хигиената на учебниците и другите помагала.
- ✓ Да биде иницијативен и да открива ново.
- ✓ Објективно да се оценува себе,своите знаења да ги оценува другите и нивните знаења.

## *Однос на ученикот кон наставниот час и кон наставата*

Ученикот најодговорно и најсовесно треба да ја сфати наставата воопшто и наставниот час посебно.

На секој наставен час ученикот треба:

- ✓ Да сфати дека од односот кон наставата и наставниот час ќе зависи и напредувањето во учењето.
- ✓ Навреме и редовно да доаЃа на наставниот час.
- ✓ Навреме да ги оправдува часовите со регуларна медицинска белешка.
- ✓ Да биде подготвен за секој  наставен час.
- ✓ Да биде работно дисциплиниран.
- ✓ Активно да внимава на часот и активно учествува во усвојување на наставните содржини.
- ✓ Со своето однесување да не ја попречува работата на наставниот час (разговор, смеа, создавање на конфликтни ситуациии др.)
- ✓ За секој наставен час со себе да го носи потребниот прибор за работа (учебници, тетратки, молив, пенкало, линијарии др.)
- ✓ Работните задачи од наставникот, дома или во училиште свесно и одговорно да ги извршува.
- ✓ Секое укажување за неправилното однесување на ученикот на наставниот час од страна на наставникот да го сфати добронамерно и корисно.

## *Однос на ученикот кон другите ученици*

Односот на ученикот кон другите ученици се реализирани разновидни форми на изразување, при што се гради авторитетот, идентитетот на ученикот, а со тоа се создава и позитивна клима на наставниот час и во училиштето.
Ученикот треба:

- ✓ Да ја почитува личноста на другите ученици.
- ✓ Да биде отворен,искрен и чесен во намерите и постапките.
- ✓ Да ги почитува туЃите мисли,идеи и ставови.
- ✓ Да ги Штити интересите на колективот пред сопствените интереси.
- ✓ Да биде подготвен за соработка.
- ✓ Да ги разбира другите и им помага во пренесување на знаења.
- ✓ Објективно да ги оценува знаењата и состојбите на послабите ученици, паралелката, добронамерно да укажува на слабостите на другите ученици.
- ✓ Критично да се однесува кон постапките на другите.

- ✓ Правилно да комуницира со другите и да се однесува пристојно, без навреди, љубомора, завист, омраза, насилство и др.
- ✓ Да се грижи за здравјето на другите ученици и да го заштитува од опасни пороци:дроги,алкохол,пушење,опасни лекови и др.
- ✓ Да не ја потценува намерно туѓата личност, да не присвојува туѓи предмети на било каков начин.

## *Однос на ученикот кон наставникот*

Наставникот ги води и соработува со учениците во креирање на наставниот час и наставата во општо.

Низ односот на ученикот со наставникот се влијае врз создавање работна атмосфера на часот како и врз психофизичкиот развиток, при тоа треба секој:

- ✓ Да ја почитува личноста на наставникот.
- ✓ Наставникот да го доживува како соработник,координатор на наставниот час,но и водач и авторитет.
- ✓ Лесно да прифаЌа соработка со наставникот.
- ✓ Работните задачи дадени од страна на наставникот да ги извршува одговорно,совесно и навреме.
- ✓ Секое укажување од наставникот за согледаните слабости на ученикот да го сфати добронамерно и без тенденциозност.
- ✓ Да биде љубезен и коректен кон наставникот.
- ✓ Своите лични желби и амбиции да ги усогласува со желбите и амбициите на наставникот.
- ✓ Да верувавонаставникот.

## *Однос на ученикот кон училишниот имот*

Училиштето треба да создаде оптимални услови за изведување на наставата.

Секој ученик е должен:

- ✓ Да се грижи и го чува училишниот имот бидејќи инвентарот е еден од условите од кои зависи напредувањето во учењето.
- ✓ Да ја одржува хигиената во училницата и училиштето во целост.
- ✓ Да научи секое фрлање на отпадоци во училиштето да го осудува.
- ✓ Секое поттикнување на другите ученици за уништување на училишниот имот или негово присвојување навреме да го открие и помогне во неговото чување и заштитување.
- ✓ Да ја почитува забраната за пушење во сите простории на училиштето.
- ✓ Да ја почитува забраната на внесување и употреба на алкохол и дрога со што придонесува до уништување на училишниот имот.

## *Однос на ученикот кон другите вработени лица во училиштето, семејството и другите во општествената средина*

За правилен морален развиток, за непречено изведување на наставата ученикот е должен:

- ✓ Да се грижи односот во семејството да биде однос на взаемно почитување и разбирање.
- ✓ Културно да се обраЌа кон другите лица во училиштето и надвор од него.
- ✓ Со родителите и другите лица да биде искрен,отворен љубезен и коректен.
- ✓ Да биде подготвен за соработка со родителите и другите лица.
- ✓ За своите лични проблеми да разговара со родителите и да бара помош доколку има потреба од неа.
- ✓ Да има почит кон другите,без навреда и потценување.

## ***Кодекс на однесување на родителите***

- o Родителите претставуваат интегрален дел научилиштето.
- o Родителите имаат законски права и обврски за учество во животот и работата на училиштето.
- o Комуникациите помеѓу родителот и наставниците треба да се изградува и реализира врз принципите на кооперативност и рамноправност.
- o Родители бидете вистински дел одучилиштето.
- o Присуството на родителот во училиштето го зајакнува чувството на припадност на детето кон училиштето.
- o Вашето дете живее со проблемите во училиштето и во својот дом.
- o Неуспехот на вашето дете можеби не е во него, во вас или училиштето.
- o Успехот за вас и вашето дете е најважен но не секогаш.
- o Интересирајте се честопати и за тоа како се чувствувало вашето дете во училиштето.
- o Не формирајте негативна слика за наставникот пред вашето дете оставете тоа само да ја прави.
- o Често однесувањето на детето во училиштето е продолжена слика на семејството.
- o Родителот во текот на неделатат реба да го оправда отсуството (усмено или писмено) на своето дете.
- o Во принцип треба да се почитува денот за консултации и средби помеѓу родителите и наставниците.
- o Родителот е должен навреме во предвидениот рок да поднесе писмено оправдување за отсуството на своето дете од настава.
- o За време начасовите да не влегува во училиштето.
- o Да ја почитува забраната за влегување со моторни возила воучилишниот двор.
- o Задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето.
- o Секогаш да внимава на своите постапки, бидејќи тие постапки се пример за однесувањето на своите деца.

- Родителот секогаш треба да има во предвид дека училиштето е воспитно-образовна  институција во која се влегува со пристојна облека.

## *Принципи во соработка помеѓу родителите и училиштето*

- Соработката помеѓу родителите и училиштето треба да е континуирана.
- Навремената соработка е можност за спречување на голем број негативни појави.
- Одличните ученици имаат потреба од посета на родителите на училиштето.
- Рамноправноста во комуникациите зборува за квалитетот на односите.
- Избегнувајте го наметнувањето на чувството на супериорност или инфериорност.

## *Кодекс на однесување на наставниците*

### *1. Основни норми и начела*

Определувајќи се за професијата просветен работник наставникот истручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права одговорности и разноликост на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и групи, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот односно стручниот работник се обврзува:

- ✓ Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- ✓ Воспитанието и образованието дам му претставува највисок императив во неговото однесување;
- ✓ Да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- ✓ При вршење на својата професија не смее да прави дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба:
- ✓ Да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители и своите колеги;

### *2. Професионалниот лик на наставникот односно стручниот работник и струката*

Наставникот односно стручниот работник треба:

- Да биде високо стручен за работата што ја врши  и да има визија за неа;
- Да има современа, општо-етичка и општо културна изграденост и педагошки осет;
- Постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставатасо коректност, сигурност,

одговорност и прецизност, објективност и непристрасност, начелност и доследност во своето однесување;
- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Секогаш секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- Секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите ученици;
- Да внимава на својот морален лик;
- Да има одговорен однос спрема средствата и условите во кои или со кои ја реализира својата дејност;
- Својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист при што несмее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои може да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;
- Да биде личност во која може да се има доверба со нејзината непосредност, авторитативност, колегијалност, тактичност, хуманост и разбирање на другите и која во училиштето и пошироката средина има углед како работник и човек;
- Постојано да работи на своето стручно-педагошко усовршување, преку користење стручна литература, посета и активно учество на семинари, размена на искуство со колеги и др.

Секој наставник како стручен за определена област, застапник на определена наука во училиштетои пошироката заедница и одговорен за создавање на интелектуален потенцијал и етичка ориентација треба:
- Севкупниот свој потенцијал и ангажман да го мобилизира за афомрација на својот предмет, преку развивање на чувство на збогатеностсо нови сознанија кај учениците и предизвикување почит кон предметот кај колегите, родителите и пошироката јавност;
- Да го популизира својот предмет и надвор од училиштето, преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и слично;
- Да има критички однос спрема ненаучните теории, идеи и идеологии како и спрема носителите на истите;
- Да иницира и да се ангажира во развојни и други проучувања и проекти во училиштето и надвор од него.

### *3. Наставникот и часот*

Извршувајќи ја својата работа наставникот:
- Треба навреме да го започне часот;
- Треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици;
- Да нема пореметување на планираната работа на часотсо сопштенија, разговори и посети;
- Добро да го планира секој наставен час за да овозможи позитивна поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера и ангажирањена сите ученици за постигнување максимум од зацртаната цел до крајот на часот;
- Часот треба да го изведува според современата наставна технологија, со умешно вклучување и водење на учениците, квалитетно поучување и рационална организација на наставата.

### *4. Наставникот, односно стручниот работник и ученикот*

Наставникот односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми, при што:

- Ја почитува личноста на секој ученик;
- Професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман,објективен и непристрасен, одмерени доследен без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено економската положба;
- Со учениците избегнува стил на комуницирање и појава недолична за професијата што ја обавува;
- Верува дека секој може да научи и должен е на секој учениктоа даму го овозможи;
- Не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш требадаја поттикнува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку методина активна настава;
- Ги познава стиловите на учење и ги оспособува учениците за самостојно учење;
- Го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигања;
- Го оценува реално знаењето на ученикотсо изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на учениковото знаење, а не да бара празнини односно незнаење и при тоа редовно го информира ученикот;
- Бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно;
- Не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- Со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично;
- Никогаш не го казнува ученикот телесно не го малтретира психички и не се служи со заплашување, уцени, заканувања и други форми на негативно однесување;
- Избира и води вон наставна активност во која се смета за нај инвентивна и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиваат своите таленти;
- Ги познава социјално-економските и други услови во кои учениците живеат и учат;
- Должен е редот да им помага на учениците кои заостануваат во совладување во наставата;
- Бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;
- Должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати или помош во решавање на лични проблеми и да му помогне или да го упати на стручна помош кај компетентни лица во или надвор од училиштето;
- Во работата со учениците не ги искажува своите политички убедувања и определувања и не дозволува пропагирање на било какви идеологии (од политичка, националистичка, верска или друга природа);

- Со личен пример и со сите средства се бори против причинителите на болеста на зависности другите негативни појави – дрога, алкохол, пушењето, криминал и сл;
- Меѓу учениците постојано гради односи на другарство, меѓусебно разбирање, соработка и почитување.

### *5. Наставникот, стручниот работник и родителот*

Наставникот односно стручниот работник е во постојна комуникација со радителите и при тоа:

- Се грижи соработката со родителите да биде што понеспоредна и ефикасна;
- Ги поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите со учениците;
- За прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- Со целосно внимание и одговорност како и со педагошки икултурен такт се однесува према оние родители кои не пријавуваат нужен интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;
- Навремено и објективно ги информира родителите;
- Ги почитува аргументите на родителите;
- Бара соработка и ангажман на родителите во решавањето на проблемите;
- Упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.

### *6. Меѓусебен однос на наставниците и стручните соработници*

За ефикасно и воспитно – образовно формирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето наставникот односно стручниот работник е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни и професионалникоректни односи со своите колеги, при што:

- Е должен да го почитува секој свој колега врз основа на другарство, искреност и отвореност со што се обезбедува услов за креативност и конструктивна работа;
- Меѓусебната соработка ја темели врз договарање, размислување на искуства, одлучување и совесно и ефикасно извршување на договорените задачи;
- Во комуникација со учениците, родителите и со други лица ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржува од изнесување на слабости и озборување;
- Во личен разговор или на стручен соработник добро намерно и без тенденциозност укажува на слабоста на својот колега и со што го штити угледот на професијата и училиштето;

- Ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободата и јавна расправа;
- Солидарен е со својот колега особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- Им помага на младите колеги пренесувајќи им го своето педагошко и стручноискуство и знаење.

## *7. Наставникот односно стручниот работник и училиштето*

Наставникот и стручниот работник, додека се наоѓа во училиштето, е на должност цело време и насекаде при што се обврзува:

- да го почитува работното време и траење на наставниот час ;
- Активно да учествува во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи настручните органи и тела;
- Да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој изведува настава;
- Да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето.

## *8. Наставникот односно стручниот работник и општествената заедница*

Во современите демократски и плурални услови наставникот, односно стручниот работник исклучиво од уставните и законските определби при што:

- Целосно и безрезервно ја прифаќа општествено – демократската реалност и ориентација на Република Македонија како самостојна и независна држава и како заедничка на сите нејзини граѓани;
- Мора да биде лојален граѓанин на Република Македонија, да го чува нејзиниот углед и авторитет, да се грижи за нејзиниот просперитет, интегритет и сувереност и да придонесува за формирање на учениците во духот на заедничкиот и конструктивен живот независно од националната верска и друга припадност;
- Се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвенцијата на ООН за правата на детето;
- Има право и должност да се залага и да се бори за достоинството на професијата просветен работник;
- Се залага и се бори за достојна материјална положбана образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- Се залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и наградувањетона неговата работа што ќе му овозможи целосно да се посвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

## *Завршни одредби*

Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс. За непочитување и непридржување на кодексот одговорен е прекршителот лично.

Распоредот на дежурствата на наставниците е даден во генералниот распоред на часови.

Училиштето има отворено книга во која дежурните наставници водат писмена евиденција за тековните збиднувања.

***Еко-кодекс***

1. ЕКО КОДЕКСОТ да стане ЈАВЕН ПРАВИЛНИК кон кој сите ќе се придржуваат и ќе го почитуваат.
2. Средината да се чува, одржува чиста и постојано да се заштитува од секаков вид на загадување;
3. Преку постојани разговори, укажувања, убедувања да се развива АКТИВНА СВЕСНОСТ за значењето и важноста наздрава и чиста средина;
4. Да не се фрлаат секаков вид на отпадоци
5. Да се селектира и класифицира различниот вид на отпад за да се реупотреби;
6. Правилно да се ракува со РЕСУРСИ во смисла на нивно штедење:струја; вода, отпад;
7. Сијалиците, и различните апарати без потреба да не работат доколку не се користат;
8. Славините и казанчињата да се затвораат, да не течат без потреба;
9. Училниците секој ден по смените да се метат и поминуваат со дезинфекционо средство;
10. Училниците редовно да се проветруваат;
11. Стаклата од прозорците редовно да се чистат со средство за дезинфекција
12. Во тоалетот да не се фрла секаков вид на отпад;
13. Санитариите редовно да се чистат со дезинфекциони средства;
14. Да се води евиденција на спроведените редовни чистења во време на пандемија
15. Почесто да се прават еко патроли низ училишната зграда и училишниот двор;
16. Цвеќињата редовно да се полеваат со вода и по потреба да се расадуваат;
17. Во дворот отпадоците да се фрлаат на соодветни места;т.е во кантите;
18. Секоја забележана промена по однос на загадување на средината или запоставеност на било кој дел од простор да се ПРИЈАВИ и истат да се отстрани во најбрз можен рок;
19. Неколку пати годишно дворот и надворешноста на училиштето да се измие со голем млаз вода од бунарот од училиштето;
20. Редовно да се набавува течен сапун и истиот рационално да се користи;
21. Да се започне со примена на практика за собирање на хартија, железо и пластика;

## 15. Професионален развој на образовниот кадар




Со почетокот на учебната година ќе се изврши детектирање на потребите на за обука на наставниците и ќе се изготви акционен план за реализација.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Се одржуваат ефективни состаноци на активи со конкретни предлози и мерки за конструктивно решавање на проблемски ситуаии

## 16. Вклученост на семејствата во училиштето

### П Р О Г Р А М А

### За соработка со родителите на учениците

Во рамките на општествено-културната дејност, училиштето организира соработка помеѓу родителите и наставниците, а со цел подобро да се обезбеди единственост на воспитното дејствување.

Оваа соработка особено опфаќа меѓусебно информирање за психофизичкиот и социјалниот развиток на учениците, за резултатите на нивното учење и поведение, за условите за живот во семејството, за подобрување на општите резултати во воспитно-образовната работа и тоа преку индивидуални разговори помеѓу наставникот и родителот, посета на ученикот дома, писмено известување, групни разговори, родителски средби и слично.

ОПЕРАТИВНА МЕСЕЧНА ПРОГРАМА

**Септември:**

1. Организирање на родителско срекавање на ниво на училиште (избор на членови на Совет на родители)
2. Конституирање на Совет на родители - избор на: претседател, потпретседател и секретар
3. Индивидуални и групни разговори со родителите во разрешување на прашања и проблеми со кои се сретнуваат родителите во почетокот на учебната година.
4. Индивидуални разговори со родителите на учениците од други општини и давање на упатство за сместувањена учениците во Ученички дом.

**Октомври:**

1. Организирање на индивидуални разговори со родители на ученици кои покажуваат девијантно однесување
2. Организирање на родителски средби (запознавање на родителите со успехот и поведението на учениците и со плановите за набавка на нагледни средства
3. Соработка со родители во врска со организирање на општествено-корисната работа и професионалната пракса

**Ноември:**

1. Соработка со родителите во врска со организирањето на Патрониот празник на училиштето (помош при изготвување на соодветна програма и реализација на истата)
2. Разработка на стручна тема пред родителите *Како родителите да му помогнат на своето дете во учењето*
3. Рагледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие

**Декември:**

1. Соработка и помош во разрешувањето на други прашања и проблеми по иницијатива на родителите.
2. Групни разговори со родителите чии деца имаат проблеми во учењето
3. Стручна тема за родителско-наставничките состаноци “Како да му помогнеме на нашето дете во организирање на слободното време”

**Јануари:**

1. Извештај за успехот и поведението постигнат во првото полугодие

2. Давање на упатства на родителите на учениците со послаб успех за рационално искористување на зимскиот распуст
3.

**Февруари:**

1. Запознавање на родителите со работата на слободните ученички активности и постигнатите резултати
2. Запознавање на родителите со резултатите од ситематскте прегледи
3. Стручно предавање на тема “Работните навики кај учениците”

**Март:**

1. Разговор за прашања и проблеми што ќе произлезат во текот на месецот
2. разговори со родители на ученици кои нередовно ја следат наставата
3. Соодветен ангажман на родителите во врска со организирањето на Денот на екологијата

**Април:**

1. Разгледување на успехот и поведението на учениците постигнат во третото тромесечие
2. Стручна тема “ Односот на младите во периодот на пубертетот “
3. Дискусии и разговори со родителите од **IV** година во врска со завршниот испит и Матурската вечер
4. Соодветен ангажман на родителите во врска со организирање на работни и хуманитарни акции

**Мај:**

1. Соработка со родителите во врска со изведувањето на ученичките екскурзии
2.Анализа за соработка на училиштето и ученичкиот дом и семејството
3.Разговор за прашања и проблеми што ќе произлезат во текот на месецот.

**Јуни:**

1. Извештај за набавените нагледни средства од партиципацијата на учениците
2. Соопштување на успехот на учениците и доделување на дипломи и признанија на ученици на заеднички состанок.

**17. *Комуникација со јавноста и п*ромоција на училиштето**




*Следедејќи ги современите текови на информирање,училиштето се почесто ги користи сите расположливи интерактивни медиуми за комуникацуја со учениците,родителите и пошироката јавност како што се информирање преку сопственият **Facebook** профил **(**https://www.facebook.com/sozsu.gjorcepetrov/ . **веб страница:** http://sozsugjp.edu.mk/ и инстаграм: https://www.instagram.com/sozsugjorcepetrov/

*Изработка на училиштен весник преку кој се информира јавноста за активностите во училиштето и на учениците, а истиот излегува и во печатена и електронска форма (https://issuu.com/vlade65/docs/vesnik
* **Соработка со јавни медиуми** (локално радио, телевизија, весници и други гласила) преку кои се информира и запознава пошироката јавност за активностите, работата и други значајни збиднувања во училиштето.

*** Соработка со општината**

- Присуство на седница на Советот на Град Кавадарци на седницата на која се усвојуваа извештајот за работа на училиштето, годишната програма за работа, усвојување на предлог финансов план, усвојување на предлог завршна сметка на училиштето.

*** Соработка со Црвениот Крст на општина Кавадарци**

- Едукација на учениците за Прва Помош и Заштита
- Крводарителство, во текот на учебната година се реализира една акција за крводарителство за вработените и учениците од III и IV.

- **Соработка со Универзитети и факултети**

Во рамките на професионалната ориентација на учениците од завршните години се изврши презентација на шест факултети:

- Шумарски факултет
- Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер
- Машински факултет
- Европски Универзитет

- Факултетот за земјоделски науки и храна
- Факултет за општествени науки- ФОН
- ФОН
- Факултет за туризам

-Земјоделски факултет при универзтетот Гоце Делчев (дисперзирани студии во Кавадарци)

*

*Соработка со социјални партнери
*Соработка со медиуми
*Соработка со МОН, ЦССО, Основни и средни училишта
*Соработка со невладини организации
*Меѓународна соработка со средни учичишта од други земји

## Реализација на проекти

| Фактори кои го забавуваат реализирањето на поставената цел | Фактори на подршка и стратегии кои го засилуваат реализирањето на целта |
|---|---|
| Слаби познавања за формите на аплицирање во предпристапните фондови од ЕУ | • Формирање на тим за работа во проекти<br>• Обука на наставниците за работа на проекти<br>• Соработка со училишта од други земји кои се членки на ЕУ и имаат искуство во овие проекти<br>• Соработка со локалната самоуправа |

**Носители на задачите : -** Педагог
- Предметни наставници по физичко и здравствено воспитување во соработка со лекарите кои ќе ги извршат систематските прегледи.

Рок - Цела учебна година

Грижата на училиштето за здрав и културен живот на учениците и другите учесници во наставно воспитниот процес, во текот на оваа учебна година уште повеќе ќе се интензивира. Во овоа подрачје од воспитно образовната дејност на учлиштето, низ целиот тек на годината посебно ќе се настојува да се реализираат неколку задачи :

- Ќе се продолжи со реализација на проектот за натамошно уредување на училишниот двор и ќе се реализираат дел од проектираните задачи.

- Ќе се доработи проектот за реализирање на : Ботаничката градина, Агро-ботаничката градина и Дендрариумот во училишниот двор и релизација на истите.

**Носители на задачите : -** Директорот во соработка со активот на стручните наставници
Рок - Цела учебна година

Посебно внимание ќе се посвети на естетскиот изглед и животните услови во внатрешните простории на училиштето и тоа: ходници, училници, кабинети, санитарии и слично.

**Носители на задачата : -** Секретар
- Класни раководители
- Одговорни наставници за кабинетите во соработка со директорот

Рок - Цела учебна година

За сите ученици и наставници ќе се одржи научно популарно предавање на тема Сидата болест на современиот свет, Колерата, Наркоманијата, Алкохолизмот и слично.

Носители на задачата : - Наставник по биологија
Рок - во текот на целата учебна година

## ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Нашето училиште соработува со Општинската организација на „Црвен крст“ Кавадарци, Црвен крст на Република Северна Македонија. Хуманитарните активности ќе се реализираат во согласност со нивниот календар на активности. Редовните крводарителски акции и учество на разни обуки и натпревари поврзани со јакнење на чуството за хуманост и одговорност во општеството. Ученици од нашето училиште ќе земаат учество на натпреварите за прва помош и противпожарна заштита.

Исто така на ниво на училиште ќе се организираат хуманитарни акции за помош на болни лица, социјално загрозени семејства, помош во облека, храна, средства за хигиена и сл.

## ОПШТЕСТВЕНО КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Преку ова подрачје од воспитно образовната дејност, училиштето ќе настојува на потесната и поширока јавност да ги презентира воспитно образовните резултати што ги постигнува и на тој начин постојано да се афирмира и потврдува како воспитно образовен и културен фактор за средината каде што живее и работи.

Во таа смисла, оваа учебна година со пригодни и идејно воспитни содржински програми, ќе ги одбележува најзначајните датуми од нашето подалечно и поблиско минато, како Патрониот празник на училиштето, а ќе биде и соорганизатор на други општествени и културни активности за учениците, нивните родители и граѓаните на Кавадарци.

## ИНФОРМИРАЊЕ

Училишетето разви современ Информативен систем кој функционира преку поставените мрежно поврзани компјутери со следниот тек:

- Раководните структури секој трети месец доставуваат извештај за реализираните активности
- Помошникот директор ги анализира и ги адаптира извештаите и подготвува презентација секој трети месец
- Секој месец се емитува се што е сработено во училиштето, сите награди, признанија и достигнувања на наставници и ученици
- Се емитуваат и други интересни информации, фотографии или снимени материјали од некои посети

Овој начин на информирање се покажа како многу добар, а во иднина ќе биде модернизиран со набавката на голем ЛЦД екран што ќе биде поставен во холот на училиштето.

Информираноста преку пишани материјали за запозанавање на пошироката јавност за дејностите и успесите на училишетето како и користењето на медиумите, се составен дел од информативната програма и односите со јавноста.

Потребно е да зајакне информираноста на учениците преку специјални информативни штандови или витрини, како и информираноста на родителите.

Маркетингот како надворешна информираност е солидно застапен, што значи училишетето континурирано подготвува брошури, летоци, плакати, ТВ репортажи, ТВ спотови, Училиштен весник, учествува во контактни емисии.

Училиштето редовно врши посета на основните училишта каде што врши свое претставување, а кое е дел од Стратегијата за упис на ученици во прва година.

## 18.1 Наставни планови

**НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ПРВА ГОДИНА ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

**Струка:** Земјоделско-ветеринарна
**Образовен профил:** Градинар-цвеќар
**Времетраење на образованието:** три години

| Ред. број | Програмска област и наставни предмети | Година и фонд на часови | |
|---|---|---|---|
| | | I | |
| | | нед. | год. |
| **1.** | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | |
| 1.1. | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | 3 | 108 |
| (1.1.) | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | (2) | (72) |
| 1.2. | Англиски јазик | 2 | 72 |
| 1.3. | Историја | 2 | 72 |
| 1.4. | Информатика | 2 | 72 |
| 1.5. | Математика | 3 | 108 |
| 1.6. | Биологија | 2 | 72 |
| 1.7. | Хемија | - | - |
| 1.8. | Ликовна уметност | 1 | 36 |
| 1.9. | Музичка уметност | 1 | 36 |
| 1.10. | Спорт и спортски активности[1] | 2+1 | 72+36 |
| | **Вкупно часови за општо образование** | 18 (20) | 648+36 (720+36) |
| **2.** | **СТРУЧНО-ТЕОРЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ** | | |
| 2.1. | Агропроизводство | 2 | 72 |
| 2.2. | Растително производство | 2 | 72 |
| 2.3. | Земјоделска техника | 2 | 72 |
| | **Вкупно часови за стручно-теоретско образование** | 6 | 216 |
| **3.** | **ПРАКТИЧНА ОБУКА** | | |
| 3.1. | Практична настава | 08 | 288 |
| 3.2. | Феријална практика | - | 10 дена |
| | **Вкупно часови за практична обука** | 08 | 288 |
| | **Вкупно часови (1+2+3)** | **32 (34)** | **1152+36 (1224+36)** |

[1] Едниот час од Спорт и спортски активности (од прва до трета година) се реализира во рамките на училишните спортски тимови и не влегува во неделниот распоред на часови

## НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка:** Земјоделско-ветеринарна
**Образовен профил:** Градинар-цвеќар
**Времетраење на образованието:** три години

| Ред. број | Програмска област и наставни предмети | Година и фонд на часови | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | II | | III | |
| | | нед. | год. | нед. | год. |
| **1.** | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 1.1. | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | 3 | 108 | 3 | 99 |
| (1.1.) | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | (2) | (72) | (2) | (66) |
| 1.2. | Англиски јазик | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 1.3. | Историја | 2 | 72 | - | - |
| 1.5. | Математика | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 1.7. | Хемија | 2 | 72 | - | - |
| 1.10. | Спорт и спортски активности[1] | 2+1 | 72+36 | 2+1 | 66+33 |
| | **Вкупно часови за општо образование** | **13 (15)** | **468+36 (540+36)** | **11 (13)** | **363+33 (429+33)** |
| **2.** | **СТРУЧНО-ТЕОРЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 2.1. | Заштита на растенија | 2 | 72 | - | - |
| 2.2. | Технологии во градинарско производство | 4 | 144 | - | - |
| 2.3. | Технологии во цвеќарско производство | - | - | 4 | 132 |
| 2.4. | Претприемништво и бизнис | - | - | 2 | 66 |
| | ***Вкупно часови за стручно-теоретско образование*** | **6** | **216** | **6** | **198** |
| **3.** | **ПРАКТИЧНА ОБУКА** | | | | |
| 3.1. | Практична настава | 16 | 576 | 16 | 528 |
| 3.2. | Феријална практика | - | 10 дена | - | - |
| | ***Вкупно часови за практична обука*** | **16** | **576** | **16** | **528** |
| **Вкупно часови (1+2+3)** | | **35 (37)** | **1260+36 (1332+36)** | **33 (35)** | **1089+33 (1155+33)** |

до 66
до 66

Врз основа на Законот за средно образование и Законот за стручно образование и обука , Министерот за образование и наука го донесе Наставниот план за образовниот профил Градинар-цвеќар, со решение бр. 12-1440/3 , на ден 12.02. 2018 година

[1] Едниот час од Спорт и спортски активности (од прва до трета година) се реализира во рамките на училишните спортски тимови и не влегува во неделниот распоред на часови.

# НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка:** Шумарско-дрвопреработувачка
**Образовенпрофил:** Шумар
**Времетраење на образованието:**тригодини

| Ред. Број | Програмскаобласт и наставнипредмети | Година и фонд на часови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | | II | | III | | Заст. во % |
| | | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. | I -III |
| **1.** | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | **до 40%** |
| 1.1. | Македонскијазик и литература, а за учениците од другитезаедници: албански јазик и литература, турскијазик и литература илисрпскијазик и литература | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 | (46,55%) |
| (1.1.) | Македонскијазик и литература за учениците од другитезаедници | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (66) | |
| 1.2. | Странскијазик[1] | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.3. | Историја | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | |
| 1.4. | Информатика | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 1.5. | Математика | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 66 | |
| 1.6. | Физика | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 1.7. | Хемија | - | - | 2 | 72 | - | - | |
| 1.8. | Ликовнауметност | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 1.9. | Спорт и спортскиактивности[2] | 2+1 | 72+36 | 2+1 | 72+36 | 2+1 | 66+33 | |
| | ***Вкупночасови за општообразование*** | **18 (20)** | **648+36 (720+36)** | **13 (15)** | **468+36 (540+36)** | **09 (11)** | **297+33 (363+33)** | 1413+105 (1623+105) |
| **2.** | **СТРУЧНО-ТЕОРЕТСКО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | **до 20%** |
| 2.1. | Дендрологија | 2 | 72 | - | - | - | - | (19,32%) |
| 2.2. | Машини, алати и уреди | 2 | 72 | - | - | - | - | |
| 2.3. | Дендрометрија соуредување на шумите | 2 | 72 | | | - | - | |
| 2.4. | Геодезијасошумскикомуникации | | | 2 | 72 | | | |
| 2.5. | Подигање и одгледување на шумите | - | - | 2 | 72 | - | - | |
| 2.6. | Искористување на шумите | - | - | 2 | 72 | - | - | |
| 2.7. | Заштита на шумите | | | | | 2 | 66 | |
| 2.8. | Ловство | | | | | 2 | 66 | |
| 2.9. | Претприемништво и бизнис | | | | | 2 | 66 | |
| | ***Вкупночасови за стручно-теоретско образование*** | **6** | **216** | **6** | **216** | **6** | **198** | **630** |
| **3.** | **ПРАКТИЧНА ОБУКА** | | | | | | | **до 40%** |
| 3.1. | Практичнанастава | 07 | 252 | 14 | 504 | 14 | 462 | (37,35%) |
| 3.2. | Феријална пракса | - | 10 дена | - | 10 дена | - | - | |
| | ***Вкупночасови за практичнаобука*** | **07** | **252** | **14** | **504** | **14** | **462** | **1218** |
| | **Вкупночасови (1+2+3)** | **31 (34)** | **1116+36 (1224+36)** | **33 (35)** | **1188+36 (1260+36)** | **29 (33)** | **957+33 (1089+36)** | **3261+105 100%** |

**Врз основа на Законот за среднообразование и Законот за стручнообразование и обука ,Министерот за образование и наукагодонесеНаставниотплан – Шумарсобр. ___________ , на ден__________**

[1] Од учебната 2014/15 година се изучувасамоанглискиотјазик

[2] Едниотчас од Спорт и спортскиактивности (од првадотрета година) се реализира во рамките на училишнитеспортскитимови и не влегува во неделниотраспоред на часови.

## НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка /Сектор:** Шумарство и обработка на дрво
**Образовен профил / Квалификација:** Техничар за мебел и ентериер-за паралелка со зголемен број часови по практично образование
**Времетраење на образованието:** четири години

| Ознака на прог. подр. и модули | Програмски подрачја и модули | Ознака на предметите | Предмети | Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно нч/гч/к |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | I година | | | | II година | | | | III година | | | | IV година | | | | |
| | | | | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | НЧ | | | ГЧ/к | |
| | | | | Т | В | ПН | | Т | В | ПН | | Т | В | ПН | | Т | В | ПН | | |
| I. ОО | ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЗОМ | Заеднички општообразовен модул | П1 | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | 3 | | | 108/7 | 3 | | | 108/7 | 3 | | | 108/7 | 3 | | | 99/7 | |
| | | | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници[1] | (2) | | | 72/3 | (2) | | | 72/3 | (2) | | | 72/3 | (2) | | | 66/3 | |
| | | П2 | Англиски јазик | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| | | П3 | Информатика | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П4 | Историја | 2 | | | 72/3 | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | |
| | | П5 | Музичка култура | 1 | | | 36/2 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П6 | Ликовна уметност | 1 | | | 36/2 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П7 | Граѓанско образование | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П8 | Спорт и спортски активности | 2 | | | 72/3 | 2 | | | 72/3 | 2 | | | 72/3 | 2 | | | 66/3 | |
| Вкупно ЗОМ | | | | 15 (17) | | | 540/27 (612/30) | 9 (11) | | | 324/17 (396/20) | 7 (9) | | | 252/14 (324/17) | 7 (9) | | | 231/14 (297/17) | 38/1347/72 |
| ОМЗС | Општо-образовен модул значаен за одреден сектор | П1 | Математика | 2 | | | 72/3 | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | |
| | | П2 | Физика | 2 | | | 72/5 | 2 | | | 72/4 | | | | | | | | | |
| | | П3 | Биологија | 2 | | | 72/5 | 2 | | | 72/5 | | | | | | | | | |
| | | П4 | Хемија | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П5 | Информатика | | | | | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | |
| Вкупно ОМЗС | | | | 8 | | | 288/16 | 8 | | | 288/15 | | | | | | | | | 16/576/31 |
| Вкупно ОО (ЗОМ+ОМЗС) | | | | 23 (25) | | | 828/43 (900/46) | 17 (19) | | | 612/32 (684/35) | 7 (9) | | | 252/14 (324/17) | 7 (9) | | | 231/14 (297/17) | 54/1923/103 |

[1]Часовите по задолжителниот наставен предмет Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници не влегува во вкупниот процент за општото образование.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II. СО** | **СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ЗСМ** | **Задолжителни модули** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЗСМ1 | Основи на секторот | П1 | Современи технологии на економските сектори на пазарот на трудот | 2 | | | 72/3 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П2 | Техничко цртање со нацртна геометрија | 1 | 2 | | 108/5 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П3 | Машини и алати | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | | | | | | | | | |
| | | П4 | Анатомија со технички својства на дрвото | 2 | 1 | | 108/5 | | | | | | | | | | | | | |
| ЗСМ2 | Материјали, машини и технологија на изработка на мебел и ентериер | П1 | Материјали | | | | | 2 | 1 | | 108/4 | | | | | | | | | |
| | | П2 | Машини и алати за мебел и ентериер | | | | | 2 | | 1 | 108/4 | 2 | | 2 | 144/9 | | | | | |
| | | П3 | Технологија на изработка на мебел и ентериер | | | | | 2 | | 2 | 144/7 | 2 | | 2 | 144/9 | | | | | |
| ЗСМ3 | Проектирање и конструкции на мебел и ентериер | П1 | Елементи на дрвни конструкции | | | | | 2 | 1 | | 108/5 | | | | | | | | | |
| | | П2 | Конструкции на мебел и ентериер | | | | | | | | | 2 | 1 | | 108/7 | | | | | |
| | | П3 | Проектирање на мебел и ентериер | | | | | | | | | 2 | 1 | | 108/7 | 2 | 1 | 2 | 165/10 | |
| | | П4 | Дизајн на мебел и ентериер | | | | | 2 | 1 | | 108/5 | | | | | | | | | |
| ЗСМ4 | Техничка подготовка на производство | П1 | Техничка подготовка на производство | | | | | | | | | | | | | 2 | 1 | 2 | 165/9 | |
| | | П2 | Економика и организација на секторот Шумарство и обработка на дрво | | | | | | | | | | | | | 2 | | | 66/5 | |
| **Вкупно ЗСМ** | | | | **6** | | | **216/10** | **10** | | | **360/16** | **8** | | | **288/20** | **6** | | | **198/10** | **30/1062/56** |
| **Практична настава (ПН) и вежби (В)** | | | | **4** | | | **144/7** | **6** | | | **216/9** | **6** | | | **216/12** | **6** | | | **198/14** | **22/774/42** |
| **Вкупно ЗСМ + ПН + В** | | | | **10** | | | **360/17** | **16** | | | **576/25** | **24** | | | **504/32** | **12** | | | **396/24** | **52/1836/98** |
| **ИСМ** | **Изборни модули** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ИМ1 | Општообраз овен модул | П1 | Математика | | | | | | | | | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| | | П2 | Физика | | | | | | | | | 2 | | | 72/4 | 2 | | | 66/4 | |
| ИМ 2 | Дизајнира-ње и реставраци-ја на мебел | П1 | Реставрација и конзервација на мебел | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | |
| | | П2 | Стилови на мебел | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | | | | | |
| | | П3 | Индустриски дизајн | | | | | | | | | 1 | 1 | | 72/4 | 1 | 1 | | **66/4** | |
| | | П4 | Дрвна био маса | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | **66/4** | |
| ИМ 3 | Модул по потреба на работодава- | П1[2] | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 72/4 | | | | | |
| | | П2[3] | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 66/4 | |
| **Вкупно ИМ** | | | | | | | | | | | | **2** | | | **72/4** | **2** | | | **66/4** | **4/138/8** |
| **Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В + ИМ)** | | | | **10** | | | **360/17** | **16** | | | **576/25** | **16** | | | **576/36** | **14** | | | **462/28** | **56/1974/106** |

[2] Наставната програма се изработува по искажана потреба од работодавач во соработка со училиштето и се избира од ученици кои реализираат практична обука ( учење преку работа и феријална практика) кај истиот работодавач

